АРХИВСКИ ПРИМЕРОК

Архивски знак 9/a 1791
Рок на чување Т
26.03.2024 г. Потпис

Врз основа на член 92 од Статутот на Општина Демир Хисар („Службен гласник на Општина Демир Хисар"бр. 03/02, 4/05, 7/09, 16/13, 18/14, 10/19, 7/21 и 21/23), Советот на Општина Демир Хисар на седница одржана на 14.03.2024 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**За усвојување на Извештај за реализација на Програмата за активностите на Општина Демир Хисар за поддршка на здруженија и фондации во 2023 година**

1. СЕ УСВОЈУВА Извештајот за реализација на Програмата за активностите на Општина Демир Хисар поддршка на здруженија и фондации во 2023 година со архивски број 08-280/1 од 01.03.2024 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

Бр.17-286/18
14.03.2024 година
Демир Хисар

Совет на Општина Демир Хисар
Претседател
Љупчо Најдовски

Врз основа на член 22 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ„ БР.5/02), како и член 71, став 1, точка 10 од Статутот на општина Демир Хисар ("Службен гласник на општина Демир Хисар" бр.3/02), Градоначалникот на Општина Демир Хисар до Советот на Општина Демир Хисар доставува

**ИЗВЕШТАЈ**

**За реализација на Програмата за активностите на Општина Демир Хисар за поддршка на здруженија и фондации во 2023 година**

Согласно Програмата за активностите на Општина Демир Хисар за поддршка на здруженија и фондации во 2023 година (во понатамошниот текст-Програма), беа планирани активности насочени кон давање поддршка на проекти кои се од поширок општествен интерес и задоволуваат потреби на поголема група граѓани (учество во реализација на партнерски проекти со здруженија и фондации и поддршка на програмски активности на здруженија и фондации).

За таа намена со Програмата беа предвидени средства во висина од 120.000,00 денари. Активностите во остварувањето на поддршката на здруженија и фондации утврдени со Програмата беа предвидени да се финансираат со средствата од Буџетот на Општина Демир Хисар за 2023 година.

Согласно со Програмата, финансиски беа поддржани проектни активности на 5 (пет) здруженија и фондации и за истите вкупно се исплатени 120.000,00 денари.

Листите на поднесени барања и исплати на здруженија на граѓани и фондации е составен дел на овој Извештај.

Бр. 08-280/1

01.03.2024 година

Демир Хисар

Градоначалник

на Општина Демир Хисар

Никола Најдовски

| Р.БР | ПОДНОСИТЕЛ НА БАРАЊЕ | БАРАЊЕ | ОДОБРЕНО/ИЗНОС |
|---|---|---|---|
| 1 | ЗДРУЖЕНИЕ НА ДИЈАБЕТИЧАРИ „СОНЧЕВА СВЕТЛИНА“ ДЕМИР ХИСАР | СПОНЗОРСТВО | 40000.00 |
| 2 | ОО НА СБМ ДЕМИР ХИСАР | ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА ЗА ПРОГРАМА | 20000.00 |
| 3 | З.Г. - МЕДЛИКА МЕД ДЕМИР ХИСАР | ФИНАНСИСКА ПОМОШ | 10000.00 |
| 4 | ЗДРУЖЕНИЕ ЗА РУРАЛЕН РАЗВОЈ - С.ВИРОВО | ФИНАНСИСКА ПОМОШ | 10000.00 |
| 5 | ЗДРУЖЕНИЕ НА ГРАЃАНИ „ВАЛЕНТИН СТЕФАНОВСКИ“ ДЕМИР ХИСАР | ФИНАНСИСКА ПОМОШ | 40000.00 |
| | | **ВКУПНО** | **120000.00** |